20252474820

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25, член 28, член 54 став 1 точка 10, член 56 став 1 точка 3, член 69 и член 70 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023, 209/2023, 144/2025 и 154/2025), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2025 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, ПРИСТАП, ИЗДАВАЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ФЗОМ ДОСТАПНИ НА ВЕБ ПОРТАЛОТ И ДСГ ГРУПЕР

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на веб порталот и ДСГ групер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2013, 88/2013, 172/2013, 156/2014, 191/2015 и 184/2017), по членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

„Член 2-а

Електронските услуги кои Фондот ги дава на обврзниците за пресметка и плаќање на придонес и на осигурениците, освен на Веб порталот на Фондот се овозможуваат и преку Националниот портал за електронски услуги – uslugi.gov.mk.

За да може да добијат услуга преку Националниот портал за електронски услуги, обврзниците за пресметка и плаќање на придонес и осигурениците треба да имаат сметка на Системот за единствена најава со најмалку ниско ниво.“

Член 2

Во член 6 став 3, зборовите „истите се потпишуваат со валиден сертификат од Електронската здравствена картичка (во понатамошниот текст ЕЗК)“ се заменуваат со зборовите „осигурениците се најавуваат со корисничко име креирано од Фондот, со сметка на Системот за единствена најава со најмалку ниско ниво или со дигитален сертификат издаден од овластен издавач на сертификати во државата“.

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи: „При остварувањето на услугите наменети за обврзниците за пресметка и плаќање на придонес и за субјектите со кои Фондот склучува договори заради обезбедување здравствени услуги за осигурените лица (здравствени установи, ортопедски куќи, други правни лица кои вршат здравствена дејност), истите дигитално се потпишуваат од лице кое е авторизирано за тој правен субјект со дигитален сертификат издаден од овластен издавач на сертификати во државата.“

Досегашниот став 4 се брише.

Член 3

Во членот 7 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Серверите на кои се инсталирани софтверските програми и базата на податоци од информациониот систем на Фондот достапни преку Веб порталот (примарен податочен центар) како и серверите во секундарниот податочен центар, физички се лоцирани, поставени (хостирани) во простории на оператор кој нуди највисоко ниво на физичка заштита на ваква опрема.

Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите имаат само овластени лица од директорот на секторот за информатика на Фондот кои треба да пристапат на системите на Фондот и лица на економскиот оператор кои не пристапуваат на системите на Фондот туку се овластени за проверка и одржување на системите за физичка и заштита од пожар, експлозии, чад, вода, прашина, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.“

Член 4

Во членот 9 ставовите 3 и 4 се бришат.

Ставот 5 станува став 3.

Член 5

Во членот 13 ставот 1 се брише.

Член 6

Во член 14 став 3 зборовите „на нивната електронската здравствена картичка“ се заменуваат со зборовите „издаден од овластен издавач на дигитални сертификати во државата“.

Во ставот 4 зборовите „на нивната електронска здравствена картичка“ се заменуваат со зборовите „издаден од овластен издавач на дигитални сертификати во државата“.

Во ставот 5 зборовите „од нивната електронска здравствена картичка“ се заменуваат со зборовите „издаден од овластен издавач на дигитални сертификати во државата“.

Ставовите 6 и 7 се бришат.

Член 7

Членот 16-а се брише.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-26218/3
20 ноември 2025 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Дритан Даути, с.р.